Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
Бр. 04-1355/12
19.03 2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18 и Сл.весник на РМ бр.275/19, 14/20/, 215/21, 99/22, и 208/24) а во врска со објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во ЈКП "Водовод"-Битола бр.434/2024 и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас заверен со архивски број 10-159/6 од 14.03.2025 година а примено во ЈКП „Водовод"-Битола на 19.03.2025 година, В.Д. Директорот на ЈКП„Водовод"-Битола Андреј Гинов ја донесе следната :

# О Д Л У К А

## за избор на кандидати за вработување на административни службеници по објавен јавен оглас бр. 434/2024 во ЈКП „Водовод"-Битола

1. По спроведениот јавен оглас од Агенција за администрација на Р.С.Македонија бр. 434/2024 објавен на 31.12.2024 година во дневните весници Вечер, Нова Македонија и Коха за вработување на административни службеници 2 извршители во ЈКП „Водовод"-Битола се избираат кандидатите :

1. -**За работно место КДР 01 02 Г03 118 Референт –архивар , Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, со идентификациски код 316А17А се избира Наташа Тодороска.**

**2.-За работно место КДР 01 02 В03 002, Стручен соработник, Одделение за сметководство,Сектор за финансии, сметководство и комерција со идентификациски код Е951А19 се избира Марија Богоев.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраните кандидати, ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла во Агенцијата за администрација.

3. Именованите ќе бидат вработени на неопределено работно време работно место од став 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 31.12.2024 година во дневните весници Вечер, Нова Македонија, Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација е објавен јавен оглас бр. 434/2024 за вработување на административни службеници 2 извршители Референт –архивар КДР 01 02 Г03 118 и Стручен соработник КДР 01 02 В03 002, во ЈКП „Водовод"-Битола.

Врз основа на Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-159/2 од 20.01.2025 година, Записник од спроведен испит за административен службеник бр.10-159/3 од 10.02.2025 година, Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-159/4 од 13.02.2025 година и Предлог за вработување на кандидат по оглас бр.434/2024 бр.10-159/6 од 14.03.2025 година заверен под деловоден бр.04-1355/11 од 19.03.2025 година, В.Д. Директорот на ЈКП „Водовод"-Битола изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука** : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Битола

19.03.2025 година

В.Д. Директор на ЈКП„Водовод"-Битола

Андреј Гинов

А.Гинов

Јавно комунално претпријатие п.о. "ВОДОВОД" 1 БИТОЛА

Доставено до :

-Избраниот кандидат

-Одд.за човечки ресурси

-Архива

-Агенција за администрација